Pearson

# Што е всушност тестот за интелигенција?



Со која цел се спроведува тест за интелигенција и зошто би требало да се направи? За да ти го олесниме пристапот следи објаснување што всушност е тест за интелигенција, како се одвива еден тест за интелигенција и зошто е важно за тебе да учествуваш.

При тест за интелигенција се утврдува колку се интелигентни децата и младите во споредба со нивните врсници. Притоа најчесто се работи за тоа да се открие кое училиште е најсоодветно за тебе, на кое ниво започнува твојот јазичен курс или која натамошна помош е најнеопходна за тебе. Тоа е добра можност да покажеш што сѐ можеш.

Постојат многу различни области на интелигенција. Два примера се колку си брз и колку добро можеш да решаваш задачи на памет и колку добро функционира помнењето. Тестот преку различни задачи врши испитување како се изразени твоите области на интелигенција. Тоа најчесто функционира вака:

Водителот на тестот седнува со тебе на маса и ти објаснува различни задачи. Ти ги обработуваш тие задачи и колку што е можно се трудиш да ги дадеш точните одговори. Водителот на тестот фаќа прибелешки околу текот на тестот. Примери за задачите на тестот се: Составување на сложувалка, дополнување на образец, запомнување на работи или подредување на приказна според точниот редослед. Притоа е сосем нормално тоа што мораш многу да размислуваш и да се сосредоточиш за да ги изнајдеш одговорите. Исто така, е сосем нормално ако не можеш да ги решиш сите задачи. Најдобро е, ако работиш смирено и сосредоточено.

Притоа е важно дека не треба да зборуваш за време на тестот. Тестот за интелигенција кој треба да го обработиш функционира целосно без зборување – подеднакво за сите култури и јазици. Сите задачи се објаснети со слики, а ти за твоите одговори ги користиш твоите раце. Значи, не плаши се, дека поради јазикот нема да го разбереш тестот.

Твоето учество на овој тест за интелигенција е доброволно. Ако не сакаш, не мора да го направиш. Но, овој тест за интелигенција ќе ти помогне да ги добиеш најдобрата поддршка и помош. Оттаму, во секој случај се исплаќа совесно да учествуваш и да го дадеш најдоброто од себе.

Du finder mere information på **www.pearsonassessment.dk/wnvinfo**

Makedonsk